View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk brought to you by CORE

*Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences*
*UDC: 347.77:338.43(497.7)*
*UDC: 347.77:338.43(4-672ЕУ)*

# ЕКОНОМСКА ПЕРСПЕКТИВА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР

**[1]Марина Нацка, [1]Ненад Георгиев, [1]Ивана Јанеска Стаменковска, [1]Ана Симоновска**

[1] Универзитет"Св. Кирил и Методиј, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје,
marina.nacka@zf.ukim.edu.mk

**Апстракт**
Преговорите на Република Македонија за влез во Европската Унија наметнуваат воспоставен силен систем на права на интелектуална сопственост (ПИС) и нивно спроведување во пракса. И покрај тоа што земјата напредува во хармонизација на правниот систем, сепак се јавува низок степен на свесност за економските придобивки од заштитата на интелектуалната сопственост, особено во земјоделско-прехранбениот сектор. Целта на овој труд е да се даде преглед за значењето на заштитата на ПИС и искуството на одредени балкански земји и земји од ЕУ во поглед на спроведувањето на ПИС, со посебен осврт кон земјоделско-прехранбениот сектор. Состојбата во поглед на заштита на ПИС значително се разликува во одделни земји. Во Република Македонија, интересот за заштита на различни права на индустриска сопственост е поврзан со структурата на производните капацитети. Досегашното искуство на домашниот пазар покажува дека најчесто поголемите и поуспешните земјоделско-прехранбени претпријатија посветуваат поголемо внимание кон заштита на ПИС, со паралелно инвестирање во маркетинг и деференцијација на производите. Малите претпријатија најчесто се соочени со финансиски бариери и ниски буџети одвоени за маркетинг, па затоа на посветеноста кон ПИС најчесто се гледа како на инвестиција која ангажира дополнителни трошоци.
**Клучни зборови:** права на интелектуална сопственост, земјоделско-прехранбен сектор, економски придобивки.

# ECONOMIC PERSPECTIVE OF INTELLECTUAL PROPERTY RIGHTS IN THE AGRI-FOOD SECTOR

**[1]Marina Nacka, [1]Nenad Georgiev, [1]Ivana Janeska Stamenkovska, [1]Ana Simonovska**

[1] Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of agricultural sciences and food, Skopje,
marina.nacka@zf.ukim.edu.mk

**Abstract**
The negotiations of the Republic of Macedonia to join the European Union imposed an established strong system of intellectual property and their implementation in practice. Although the country has had a progress in the harmonization of the legal system, still there is low awareness of the economic benefits of protecting intellectual property rights (IPR), particularly in the agri-food sector. The aim of this paper is to give an overview of the importance of IPR protection and experience of some Balkan and EU countries in terms of IPR enforcement, with particular reference to agro- food sector. The situation regarding IPR protection varies considerably in different countries. In Republic of Macedonia, the interest in protecting different IPR is related to the structure of production capacity. The previous experience in the domestic market shown that usually the larger and more successful agri - food enterprises pay more attention to the protection of IPR, thus constantly investing in marketing and product differentiation. Small enterprices often faced financial barriers and low budgets allocated for marketing and therefore the commitment to IPR is commonly viewed as an investment that engages additional costs.
**Keywords:** intellectual property rights, agri-food sector, ecnonomic benefits.

**Вовед**

Аспирациите на Република Македонија (РМ) за членство во Европската Унија (ЕУ) наложуват спроведување на мерки и активности за хармонизација на Правата на интелектуална сопственост (ПИС). Мерката 4.7, поглавје 7, од извештајот за напредокот на РМ во процесот за добивање на членство во ЕУ, го наведува процесот на создавање правна рамка и ефикасното спроведување на ПИС. РМ има изградено квалитетна правна рамка со континуирано хармонизирање кон европскиот систем. Сепак, кај институциите и јавноста постои низок степен на свесност за заштитата и придобивките од ПИС. Имплементацијата сеуште останува предизвик, а системот за колективно управување со овие права е сеуште недоволно развиен European Commision (2011). Заштитата и спроведувањето се поизразени во одредени сектори, но во земјоделскиот сектор е евидентен низок степен на заитересираност и свесност за придобивките од заштита на овие права (Дабовиќ-Анастасовска Ј. Здравева Н., 2009).

Со правата на интелектуална сопственост се заштитува секоја иновација, креативност и се спречува нивна имитација и злоупотреба на производите или услугите. Овие појави се особено изразени во недоволно развиени и регулирани пазарни системи каде што конкурентската позиција на претпријатијата се загрозува поради можноста од имитација на производите.

Предмет на заштита на правата на интелектуалната сопственост се средствата кои припаѓаат на категоријата нематеријални (интелектуални) средства, односно се она што настанува како резултат на човечката креативност и иновациските процеси.

Нематеријалните средства ги вклучуваат и интелектуалната сопственост и човечкиот капитал, кои се сметаат за потенцијален економски двигател во денешните услови на економија која се базира на знаења Porter (2004). Значењето на овие нематеријални средства е изразено преку нивната економска и правна вредност WIPO (2010). Економската вредност произлегува од можноста да генерираат профит за претпријатието/институцијата кое ги користи преку технологијата, производите или услугите. Но, од основно значење е прво да се изврши нивна правна заштита за да може во иднина да се користат придобивките од економската вредност на средствата.

Интелектуалната сопственост опфаќа две категории: авторските права и правата на индустриска сопственост во кои спаѓаат патентите, трговските марки, индустрискиот дизајн и географските ознаки. Патентите се поврзуваат со технолошките процеси и најголема примена наоѓаат во високо развиените технолошки сектори. Останатите права на индустриската сосптвеност се поврзани со пазарната ориентираност на претпријатијата и најчесто се во тесна корелација со создавање на бренд и диференцијација на производите. Porter (2004), ги наведува пристапите кон диференцирање на производите, кои можат да се изведуваат на различни начини, преку дизајн или бренд, технологија, карактеристики, услуги за потрошувачите, мрежа на дистрибутери или други начини. Според тоа, за да ја одржат конкурентноста, претпријатијата мора да постигнат позначајни конкурентски предности, преку создавање на високо-квалитетни производи и услуги чијашто гаранција за квалитет ќе подлежи на заштита со правата на индустриска сопственост.

Теориската основа на интелектуалната соптвеност се заснова на различни аспекти. На пример, теориите за интелектуални и нематеријални права произлегуваат од фактот дека нематеријалните добра дури и кога се одвоени од создавачот, иноваторот или авторот, имаат своја вредност и не зависат од времето и просторот. Овој аспект се поврзува со извозната ориентираност, што е особено значајна и присутна кај претпријатијатијата во земјоделско-прехранбениот сектор. Поради насоченоста кон поголеми пазари, ПИС се често пати прекршувани или пак се предмет на нелојална конкуренција Дабовиќ-Анастасовска Ј., Пепељугоски В. (2009). Според теоријата за монопол, интелектуалната сопственост создава монополска позиција за одреден производ или процес, којашто гледано ex ante претставува поттик, додека пак од ex post аспект, претставува награда за иновацијата или авторството Hanel P. (2006). Оваа

теорија поддржува повеќе технолошко развиени сектори.

Традиционалните сектори се најмногу насочени кон заштита на други права на интелектуална сопственост, и тоа поради недостигот на инвестиции во сопствени лабораториски истражувања, свои сектори за дизајн и маркетинг, како и постојана соработка со универзитетите. Сепак, според Lopez (2009), многу малку се знае за соодветноста на стратегиите развиени од различни компании, како и за начините на кои различните иновации се заштитени во различни земји. Тој укажува дека студиите изработени на микро ниво се релативно ретки, што го отежнува запознавањето со детерминантите на ПИС, за различни типови на фирми и сектори во земјите во развој. Дополнително, кај земјите во развој недостасува евиденција на перцепцијата којашто домашните фирми ја имаат во врска со улогата на ПИС во однос на нивните иновативни стратегии.

Значењето на индустриската сопственост во земјоделско-прехранбениот сектор е особено изразена во делот на преработките, производите со додадена вредност и традиционалните производи. Најзначајни делови од индустриската сопственост за примена во земјоделството, се географските ознаки, правата за одгледувачите на нови растителни сорти и традиционалното знаење Watal J. (2000). Сепак, од аспект на пазарно и извозно-ориентирано земјоделско-прехранбено претпријатие, особено значење имаат останатите права, како што се трговската марка и индустрискиот дизајн. Покрај тоа, заострените критериуми на пазарот од аспект на квалитетот, безбедност на производите, пребирливост на потрошувачите но и генерално поклопени интереси и заедничка традиција кај соседните земји, ја наметнуваат потребата од навремено спроведување на заштита на правата на индустриска сопственост.

Од тука, целта на овој труд е да се даде преглед за значењето на заштитата на ПИС и искуството на одредени балкански земји и земји од ЕУ во поглед на спроведувањето на ПИС, со посебен осврт кон земјоделско-прехранбениот сектор.

Во РМ најголем дел од истражувањата во областа на ПИС се фокусирани на правната перспектива, или економиката генерално. ПИС се релативно малку истражувани во земјоделскиот сектор. Како резултат на тоа постои недостиг од споредливо истражување, особено во земјоделско-прехранбениот сектор.

**Материјал и метод на работа**

Материјалот за истражување се темели врз собирање на секундарни податоци. Податоците поврзани со правата на индустриската сопственост, се земени од релевантната универзитетска литература, научни изданија и публикувана литература на експерти во оваа област, научни трудови, извештаи, достапни податоци од соодветни институции, како и податоци од Интернет - порталите на поважните организации поврзани со оваа област. Трудот опфаќа квалитативен пристап, со кој се врши дескриптивна анализа за да се претстави значењето и нивото на заштитата на индустриската сопственост во одредени балкански и европски земји. Приказот ќе овозможи согледување на предностите и слабостите на РМ и нивото на кое се наоѓа земјата во поглед на заштитата.

**Резултати и дискусија**

Генерално, состојбата во поглед на заштита на ПИС се разликува во одделни земји. На пример, ЕУ за да ги заштити своите иновации и да остане конкурентна во глобалната економија која се базира на знаење, спроведува силен систем на заштита на интелектуалната сопственост Commission of the European communities (2008). Околу половина од Европските индустрии интензивно ги користат ПИС. Тие генерираат скоро 39% од вкупната економска активност (БДП) во ЕУ и учествуваат со 90% од европската трговија со останатите земји во светот.

Останатите соседни земји постигнуваат континуирано подобрување во поглед на заштитата и спроведување на ПИС. Хрватска пред влезот во ЕУ, целосно го хармонизира системот, иако наидува на проблеми со соседните земји поради одредени производи и нивна претходна заштита на индустриската сопственост. Србија бележи континуиран напредок во однос на правниот систем и спроведување на заштитата. Покрај одредени недостатоци во поглед на воспоставен механизам за формална координација и соработка меѓу

институциите, се зголемува бројот на апликации за трговски марки (40%), патенти (5%) и индустриски дизајн (42%).

Во РМ, континуирано се хармонизира правниот систем со донесување на потребните закони, подзаконски акти и членства во познајчајните меѓународни организации (табела 1).

Интересот за заштита на различни права на индустриска сопственост е поврзан со структурата на производните капацитети (Дабовиќ-Анастасовска и Ј., Здравева Н., 2009). Тоа се поврзува со истражувањето на Ханел (Hanel), 2006, кој наведува дека употребата на ПИС се разликува во разни сектори и најчесто зависи од развиената технологија. Според тоа, патентирањето е најзастапено во областа на хемијата и металургијата. Бројот на поднесени пријави за регистрација на трговски марки е во постојан пораст, но во поголем број се пријавите од странски подносители. Во споредба со останатите права, бројот на пријави за заштита на индустриски дизајн е релативно низок. Генерално, како основни проблеми кои се јавуваат на домашниот пазар во поглед на недоволната посветеност кон заштита на ПИС, Дабовиќ-Анастасовска, 2011, ги наведува следните: малите и средни претпријатија не ја препознаваат или не се свесни дека поседуваат интелектуална сопственост; се плашат од големи трошоци за процедурите за заштита; мал број на домашни пријави за патенти и индустриски дизајн; се појавува желба за регистрирање на трговски марки за класи на производи и услуги што економски не се користат; сакаат да заштитат нешто што не ужива патентна заштита со патент- како што се бизнис планови и слично; нема голем број на едукации за економската вредност и договорите за промет со правата на интелектуална сопственост; нема клаузули за правата од интелектуална сопственост при договори за вработување, проектни ангажмани и сл.

Во поглед на заштитата на географските ознаки, се јавува голема стагнација.

Досега се заштитени 4 производи со географски ознаки според Лисабонскиот договор.

Споредбено со анализираните земји, Франција има заштитено 508 производи, Бугарија 51, а Србија 3 производи. РМ целосно ја хармонизира законската рамка за заштита на овие права преку TRIPS договорот, но спроведувањето е сеуште неуспешно. Во голема мера, се јавува недостаток во правилно функционирање на системот каде што се вклучени земјоделките производители и преработувачите, академските институции и државните органи. Покрај тоа, недостаток се јавува во поглед на недоволна хоризонтална и вертикална интеграција, како и вклучување на потрошувачите, кои се неопходни за ефикасно функцонирање на системот. Со донесување на Законот за селекционерски права во 2009 година, РМ стана членка на UPOV Конвенцијата. Со тоа, се овозможи селекционерите на нови сорти на земјоделски култури да можат да ги заштитат своите авторски права во државата и во земјите членки на меѓународната заедница.

Степенот на заштита на интелектуалната сопственост во РМ, споредено со одредени земји, е прикажан на график 1. Во споредба со останатите земји, РМ се наоѓа пред Бугарија, која постигнува не многу понизок индекс на заштита.

Франција посветува особено внимание на целосниот систем на заштита на правата на интелектуална сопственост.

Словенија постигнува висок индекс на заштита, но пред се, преку поголема заштита на авторсктие права наспроти правата од индустриска сосптвеност.

Табела 1 Хронолошки преглед на развојот на правата на индустриска сопственост

| **Година** | |
|---|---|
| **Република Македонија во составот на Кралството Југославија** | |
| **1945** | · ПИС врз основа на Париската Конвенција за заштита на индустриска сопственот<br>· Кралската уредба за заштита на индустриската сопственост<br>· Законот за заштита на индустриската сопственост. |
| **Република Македонија во состав на СФРЈ** | |
| **1948** | Закон за пронајдоци и технички унапредувања |
| **1960** | Закон за патенти и технички унапредувања |
| **1961** | · Закон за стоковните и услужните марки<br>· Закон за моделите и мострите стапиле во сила |
| **1981** | Законот за заштита на пронајдоците, техничките унапредувања и знаците за разликување |
| **Осамостојување на Република Македонија** | |
| **1993** | · Првиот Закон за индустриска сопственост<br>· Завод за индустриска сопттвеност<br>· Земја членка на WIPO |
| **2002** | · Нов Законот за индустриска сопттвеност, изменет и дополнет<br>· Формирање на Државниот завод за индустриска сопственост<br>· Со Законот е регулирана и географската ознака како право на индустриска сопственост и се воведува гарантната и сертификатната марка |
| **2009** | · Нов закон на индустриска сопственост<br>· Закон за селекционерски права – членка на UPOV |

**Извор:** Интелектуална сопственост I (Поленак-Акимовска М., и сор.2004), Индустриска сопственост (Поленак-Акимовска М., и сор.2004).




График 1. Компаративен приказ на степенот на заштита на интелектуална сопственост
**Извор:** Глобален извештај за конкурентност 2010-2011

Во изминатиот период, повеќе злоупотреби и имитации на земјоделско-прехранбени производи се појавиле на пазарот во РМ. Во такви услови, влијание има големината на претпријатието и финансиката состојба, каде што малите претпријатија најчесто имаат недостадок на финансии за да можат правно да ги бранат своите злоупотребени ПИС. Досегашното искуство на домашниот пазар покажува дека најчесто поголемите и поуспешните земјоделско-прехранбени претпријатија посветуваат поголемо внимание кон заштита на ПИС, најчесто со инвестирање во маркетинг и градење на брендови. Процесот е проследен со навремена заштита на трговските марки и индустрискиот дизајн. Во насока на истражувањето Hanel (2006), емпириските студии укажуваат дека малите и средните претпријатија не ги употребуваат ПИС на ист начин како што го прават тоа големите претприајтија. Најчесто малите претпријатија се соочени со финансиски бариери и ниски буџети одвоени за маркетинг па затоа на посветеноста кон ПИС најчесто се гледа како на инвестиција која ангажира дополнителни трошоци.

**Заклучок**

Во услови на извозна ориентираност и навлегување на нови пазари, значаен аспект за претпријатијата во земјоделско-прехранбениот сектор е заштитата на ПИС. Нејзината употреба може да создаде конкурентската позиција преку градење на препознатлив бренд, право на ексклузивност и превенција од злоупотреба и имитација на производите и услугите.

Развојот на новите технологии и зголемената конкуренција во индустријата, ја покрена потребата од зголемување на инвестиции во нематеријални средства и посветеноста кон ПИС. Преку инвестирање во диференцијација на производите и интелектуалната сопственост, претпријатијата можат да ги зголемат вредноста и приходите што произлегуваат од технологијата, производите и услугите. Сепак, кои права треба да се заштитат зависи од економските интереси и целните пазари на претпријатијата. Во основа, економските придобики од заштитата на ПИС можат да се реализираат доколку овие нематеријални срества се пласираат на пазарот и ефикасно се искористат.

**Литература**


1. European Commision (2011). Progress report for Republic of Macedonia, Brussels.
2. Дабовиќ-Анастасовска Ј., Здравева Н. (2009). Стратегија за интелектуална сопственост на Република Македонија, 2009-2012, Скопје, МЕ, ДЗИС.
3. Porter M. (2004). Competitive Strategy, Techniques for Analyzing Industries and Competitors, The Free Press.
4. WIPO (2010). IP Assets, Development and management: A key strategy for economic development, WIPO.
5. Дабовиќ-Анастасовска Ј., Пепељугоски В. (2009). Право на интелектуална сопственост.
6. Hanel P. (2006). Intellectual property rights business management practices: A survey of the literature, Elsevier.
7. Lopez A. (2009). Innovation and appropriability: empirical evidence and research agenda, The Economics of Intellectial Property Rughts, WIPO.
8. Watal J. (2000). Intellectual Property Rights and Agriculture: Interest of Developing Countries, The Conference on Agriculture and The New Trade Agenda in WTO 2000 Negotiations, World Bank and WTO.
9. Commission of the European communities (2008). Communication from the commission to the European parliament, the council and the European economic and social committee, An Industrial Property Rights Strategy for Europe, Brussels.
10. Поленак-Аќимовска М., Дабовиќ-Анастасовска Ј., Бучковски В., Пепељугоски В. (2004). Интелектуална сопственост I.
11. Поленак-Аќимовска М., Дабовиќ-Анастасовска Ј., Бучковски В., Пепељугоски В. (2004).Индустриска сопственост.
12. Shcwab K. 2010. The Global Competitiveness Report 2011-2012, World Economic Forum, Geneva